ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ-SHKOLLA FILLORE KOMUNALE
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ" Ц.О.-"MARKO CEPENKOV" Q.F.
Станица Зелениково-Stacioni Zelenikovë

| Примено: Pranuar: | 28.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtesë: | Вредност: Vlera: |
| 08 | 110/1 | | |

Република Северна Македонија
Општина Зелениково

**ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ, ОПШТИ АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ

БРОЈ 10-241/2

21.04.2022 ГОД.

ЗЕЛЕНИКОВО УЛ 1 БРОЈ 2
1053 ЗЕЛЕНИКОВО
ТЕЛ. / ФАКС. +3892 2717-238

**До: ООУ "Марко Цепенков" Зелениково**
**- В.Д Директор Љупка Стојановска**

**Предмет: Достава на одлука**

**Почитувани,**

Ве известуваме дека Советот на Општина Зелениково на 10-та седница одржана на 15.04.2022 година, донесе Одлука за реонизација на основни училишта на територијата на Општина Зелениково. Истата ќе започне да се применува од учебната 2022/2023 година односно со уписот на ученици во прво одделение.

Во прилог ја доставуваме одлуката за Ваше запознавање и примена на истата.

**Со почит,**

**Градоначалник**

**Коста Маневски**

Прилог: Одлука број 10-241/1

Изготвил: Сања Симоновска Богоројческа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Врз основа на член 63 став 5 од Законот за основното образование (Службен весник на РСМ број 161/19 и 229/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 23 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Зелениково (Сл. гласник на Општина Зелениково бр. 9/19), Советот на Општина Зелениково, на 10-та седница одржана на ден 15.04.2022 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за реонизација на основни училишта на територијата на Општина Зелениково

Член 1

Воспитно – образовниот процес на територијата на Општина Зелениково се одвива во 1 (едно) централно училиште и 7 (седум) подрачни училишта.

1. Централно основно училиште ООУ Марко Цепенков - Зелениково – ги опфаќа учениците од одделенска настава од I – V одделение со место на живеење во станица Зелениково, село Зелениково, Ново Село и Пакошево и во предметна настава учениците од VI - IX одделение со место на живеење во станица Зелениково, село Зелениково, Ново Село и Пакошево како и учениците од с.Орешани и с.Таор.
2. Подрачно училиште во с.Орешани – ги опфаќа учениците од I – V одделение од с.Таор и с.Орешани
3. Подрачно училиште во с.Страхојадица – ги опфаќа учениците кои живеат во село Страхојадица
4. Подрачно училиште во с.Вражале - ги опфаќа учениците кои живеат во село Вражале
5. Подрачно училиште во с.Смесница - ги опфаќа учениците кои живеат во село Смесница
6. Подрачно училиште во с.Тисовица - ги опфаќа учениците кои живеат во село Тисовица
7. Подрачно училиште во с.Гумалево - ги опфаќа учениците кои живеат во село Гумалево
8. Подрачно училиште во с.Дејковец - ги опфаќа учениците кои живеат во село Дејковец

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Член 2

Реонизацијата ќе се применува од учебната 2022/2023 година за сите ученици при уписот во прво одделение.

Член 3

Одлуката да се достави до ООУ Марко Цепенков - Зелениково како единствено основно училиште на територијата на Општина Зелениково.

Член 4

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број** 10-241/1
**Датум** 15.04.2022 **година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**

**Злате Димовски**